Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 26.12.2020

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (25.12.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 258 мерки, меѓу кои 16 за возење без возачка дозвола, 19 за технички неисправни и нерегистрирани возила, 14 за користење на мобилен телефон и 8 санкции за минување на затворен семафор (црвено светло). Изречени се 84 мерки за непрописно паркирање. За неносење на заштитна маска изречени се 23 санкции.

На 25.12.2020 во 08.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", од полициски службеници е лишен од слобода Ф.Ц.(19) од Р.Турција поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" бидејќи истиот приложил германска лична карта на име Т.Л.(20) од Германија. Лицето е предадено на Одделение за прекуграничен криминал и миграции-Скопје за понатамошна постапка.

На 25.12.2020 во 13.45 часот во СВР Скопје, С.Ј.(29) од Скопје пријавила дека на ул.Кеј 13-ти Ноември била касната од куче скитник.

На 25.12.2020 во 15.00 часот во СВР Скопје, Р.А.(61) од Скопје пријавил дека на бул.Крсте Мисирков бил каснат од куче скитник.

На 25.12.2020 во 18.55 часот на подрачје на Аеродором при извршена контрола на угостителски објект од полициски службеници на СВР Скопје во содејство со Државниот пазарен инспекторат, утврдено е дека објектот работи по дозволеното време и во него имало шест гости, при што околу 19.00 часот се лишени од слобода Б.Т.(60) и И.Д.(34) двајцата од Скопје, бидејќи истите не ги почитувале наредбите на полициските службеници да го напуштат објектот. Приведена е и Л.М. (55), одговорно лице во објектот. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 25.12.2020 во времето од 18.00 до 22.00 часот на подрачје на Карпош при извршена контрола на угостителски објект од полициски службеници на СВР Скопје во содејство со Државниот пазарен инспекторат, констатирано е дека угостителскиот објект во сопственост на И.Ч.(26) од Скопјеработи по дозволеното време и во него имало гости. Објектот е времено затворен, а по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 25/12/2020 година во временскиот период од 16:00 до 23:00 часот на подрачјето на СВР Скопје во соработка со ДПИ извршени се контроли во 270 угостителски објекти.

На 25.12.2020 во 18.45 часот во СВР Скопје, З.П.(36) од Скопје пријавила дека во парк во близина на Градската општа болница„Св.Наум Охридски" била касната од куче скитник.

На 25.12.2020 во 19.00 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода Г.С.(34) и Б.А.(37) поради постоење основано сомнение дека извршиле кражба во патничко моторно возило на ул.Видое Смилевски Бато во Тетово при што одземале чанта со пари и документи. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.12.2020 во 03,30 часот, во СВР Скопје А.А.(29) од Скопје пријавил дека на ул. „Македонско Косовска бригада„ има опожарена бандера, така што околу 03,20 часот забележал како гори кутија на бандерата со повеќе кабли. Пожарот е изгаснат од единицата за противпожарна заштита Скопје. Извршен е увид.

На 25.12.2020 во 08.20 часот во Полициската станица Кочани, од Итната медицинска помош Кочани, било пријавено дека околу 07.35 часот А.К.(24) од Кочани во фабрика во Кочани при работа се здобил со повреда на левата нога. По укажаната лекарска помош од доктор во Итната медицинска помош бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Одделението за внатрешни работи Кочани.

ОВР Кичево, поднесе кривична пријава против С.Д.(42), Д.С.(45) и против правно од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". При контрола извршена на 22.10.2020 година на улицата „Маршал Тито" во Кичево, полициските службеници констатирале дека С.Д. управува такси возилото „голф" сопственост на правното лице, без лиценца за вршење на општински превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај за такси возило. Пријавениот, Д.С. во својство на управител на правното лице, со пропуштање должен надзор и спротивно на законските прописи, му овозможил на С.Д. да врши јавен превоз на патници, иако знаел дека нема соодветна законска документација за таа дејност.

На 24.12.2020 на регионалниот пат Струга-Дебар, на клучката кон струшкото село Долна Белица, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничките автомобили „мерцедес" со австриски регистарски ознаки, управуван од С.Т.(52) и „опел" со вевчански ознаки, управуван од С.Ш.(41) од Вевчани. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил возачот на возилото „опел", констатирани во Општата болница во Струга, додека малолетно лице-сопатник во истото возило, се здобил со телесни повреди. Извршен е увид.

На 25.12.2020 во 19.00 часот во СВР Скопје, Д.А.(35) од Куманово пријавила дека во 15.30 часот на подрачје на Гази Баба била физички нападната од нејзините браќа Е.Б. и М.Б.. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗПП ЈРМ.

На 25.12.2020 во 18.30 часот во СВР Скопје, Б.С.(50) од с.Шишево,скопско пријавил дека околу 14.50 часот додека бил на работно место во фирма на подрачје на Ѓорче Петров бил физички нападнат од Л.Б. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2020 во СВР Скопје, М.С.(37) пријавила дека на подрачје на Гази Баба била физички нападната од И.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2020 околу 22.30 часот во СВР Скопје, Г.К.(47) пријавил дека кај бензинска пумпа во с.Марино,скопско неговиот малолетен син бил физички нападнат од Ф.Б., М.А., Д.В., М.С. и уште неколку лица од с.Кадино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2020 околу 13,00 часот во СВР Куманово, С.С.(22) пријавил дека на 24.12.2020 околу 18.00 часот пред казино во Куманово бил физички нападнат од едно лице, вработено како обезбедување во казиното. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2020 во 20.10 часот во СВР Битола, И.Ј. од Битола пријавил дека околу 18 часот на бензиската пумпа во Битола бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2020 полициски службеници од Полициската станица Свети Николе го лишиле од слобода К.Г.(64) од Свети Николе, бидејќи околу 20.10 часот на ул.„Кумановска" во Свети Николе, насилно влегол во домот на неговата соседка В.Д.(65) и ја нападнал со метален предмет. Се работи на целосно документирање на случајот и против К.Г. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2020 во 08,00 часот во СВР Велес било пријавено дека во Градско, при извршување на градежни работи од градежна фирма од Кавадарци, била пронајдена една артилериска граната Ф-75 мм. Извршен е увид на местото на настанот и гранатата е подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет